ЗДРУЖЕНИЕ ЗА РАЗВОЈ, ЕДУКАЦИЈА И ЕКОЛОШКА ЕТИКА – ПОЛИМАТ 13
ASSOCIATION FOR DEVELOPMENT, EDUCATION AND ECOLOGICAL ETHICS –POLYMATH 13
ул. „Маршал Тито“ бр.64, 1484 Богданци

# ГОДИШЕН НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ 2019 ГОДИНА

Оваа година ПОЛИМАТ 13 се вклучи во подготителните и основачки активности за формирање на првиот Архус центар во Македонија заедно со 25 граѓански организации со координација на Милиеуконтакт Македонија. Целта на овој Архус центар е да ја подигне свеста за чиста животна средина преку ширење на информации за животната средина помеѓу општата јавност, како и да го следи спроведувањето на Конвенцијата од страна на локалните и државните органи. Архус центарот беше отворен на 24 октомври со присуство на голем број претставници на граѓанските организации, претставници на Министерство за животна средина и просторно планирање и други релевантни институции.

Во ноември се одржа 16 – тата Годишна средба на граѓански организации од областа на животната средина на која со свои претставници присуствуваше и ПОЛИМАТ 13. Координативното тело за соработка помеѓу граѓанските организации и МЖСПП ја презентираше работата помеѓу две средби и конкретните постигнувања и активности, а се дискутираше на тематските сектори вода, климатски промени, биодиверзитет, воздух, ЕУ легислатива, ИСКЗ – ОВЖС и просторно планирање.

Како членка на Мрежата за рурален развој ПОЛИМАТ 13 имаше прилика да ги надгради своите капацитети во рамки на проектот „Вмрежување и застапување за зелена економија“ и да одржи обуки за пренесување на стекнатото знаење на останатите организации членки.

Во месец декември ПОЛИМАТ 13 се претстави со своите продукти на саемот на граѓански организации во Струга организиран од Мрежата за рурален развој.

## Реализирани проекти во 2019 година

Во февруари 2019 година заврши проектот **„Руралните општини и жителите взаемно ја градат довербата и животот во локалната заедница“.**
ПОЛИМАТ 13 го спроведе овој проект во партнерство со Рурална коалиција Куманово во текот на 5 месеци во општините Богданци и Кривогаштани со широко вклучување на Единиците на

локалната самоуправа, граѓанските организации, месните заедници и заинтересирани граѓани.
Активностите опфаќаа анализа на состојбата, градење на капацитетите и изработка на Стратегии за соработка на општините Богданци (линк) и Кривогаштани (линк) со граѓанскиот сектор. За потребите за анализирање на состојбата беа изработени прашалници кои беа доставени и одговорени од претставници од општините, граѓанските организации и месните заедници. Беа спроведени три обуки кои анкетираните во прашалниците ги истакнаа како најпотребни за нивно подобро работење: Проектен циклус, Мониторинг и евалуација и Стратешко планирање. Изработката на самите стратешки документи беше спроведена преку партиципативен процес во кој учествуваа претставници од општините, советите, месните заедници и граѓанските организации.

Овој проект беше финансиран од Европската Унија како грант на проектот „Национален рурален парламент како глас на руралното население“ спроведуван од Фондација за поврзување на природни вредности и луѓе, Мрежа за рурален развој на РМ и Акција за рурален развој.

Во април оваа година започна за ПОЛИМАТ 13 многу значаен проект за Значајното растително подрачје „Богданци“ (ЗРП) и за растението Astragalus physocalyx. Овој тригодишен проект**„Зачувување на ендемичните растенија во Република Македонија“**, ПОЛИМАТ 13 ќе го спроведува како локален партнер на Македонското еколошко друштво. Проектот е финансиран од Фондот за критични екосистеми CEPF (Critical Ecosystem Partnership Fund).
Во рамките на проектот ќе се обноват податоците за распространетоста на растенијата, со што ќе се добие увид во нивната популација и ќе се освежат информациите за стасусот на ЗРП „Богданци“. Секако една од целите на проектот е и промоција и популаризација на подрачјето како потенцијално Натура 2000 подрачје кое поради своите специфични карактеристики е од голема важност за растителниот диверзитет во државата.
Во текот на оваа година беа спроведени теренски активности со посета на ботаничари, редовен мониторинг на подрачјето со ангажирање на волонтери, посета на подрачјето од претставници на донаторот и Македонско еколошко друштво.